Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Р.С.М. бр.101/2019)
Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, како имател на информации, со седиште на бул. Крсте Мисирков бб (зграда на Апелационен суд Скопје 3-ти кат) Скопје, телефон: 02 3 219 850 и 071 390 597 - технички секретар, e-mail: ojogokk@jorm.gov.mk
**(името на имателот на информацијата, адреса, телефон, факс, e-mail)**
Марјана Крстева - Раководител на одделение за постапување по претставки поплаки и ургенции
**(името на службеното лице)**

го подготви следниот

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**(од 1.01.2022 до 31.12.2022)**

1. Податоци за службените лица определени за посредување со информации кај имателите на информации;
Марјана Крстева- службено лице за посредување со информациите од јавен карактер, овластена со Решение А бр.341/21 од 29.12.2021 година

2. Број на примени барања;
13 - тринаесет примени барања

3. Број на позитивно одговорени барања;

10 - десет позитивно одговорени барања и

2 - две делумно уважени барања

- На едно од делумно уважените Барања, за дел од побаруваните информации негативно е одговорено, од причина што се однесуваа на поединечно наведување на лицата/субјектите против кои Државната комисија за спречување корупција поднела кривични пријави или иницијативи за гонење до ова обвинителство. Тој дел од Барањето е одбиен согласно Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на РМ„ бр.7/2005.........64/2018).

- На другото делумно уважено Барање, за еден дел од побаруваните информации одговорено е негативно, од причина што прашањето се однесуваше за „Број на пресуди донесени од ОЈО гокк за лица со полициски овластувања за периодот 2019-2022, за кривичното дело „Примање поткуп„ од чл.357 од КЗ„. Имајќи во предвид дека јавните обвинителства се странки во судската постапка и не носат пресуди, туку пресуди изрекуваат исклучиво и само судовите, кои се создавачи и иматели на таквата информација, Барањето во тој дел беше одбиено.

4. Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање;

1 - едно барање е одбиено, односно негативно е одговорено, од причини што барателот побара да му се достави во форма на електронски запис материјално - финансиското вештачење за предметот „Империја„ како информација од јавен карактер. Имено, предметот со работен наслов „Империја„ е оформен во ова обвинителство против повеќе лица. Со дел од обвинетите склучени се судски спогодби, а со останатите обвинети постапката е во тек, меѓутоа, материјално - финансиското вештачење изготвено за потребите на овој предмет, се уште не беше изведено како доказ во судска постапка. Оттука, по спроведениот тест на штетност, согласно член 6 став 1 точка 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, поднесеното Барање за пристап до информации од јавен карактер е одбиено.

5. Број на неодговорени барања
нема неодговорени барања

6. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација);
нема вложени жалби

7. Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата;
нема постапка

8. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата
нема постапка

9. Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање и
нема постапка

10. Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање.
нема постапка

**НАПОМЕНА:** Таксативно набележаните обврски од член 36 значат и Ваша обврска на истите да одговорите прецизно, со податоци, коментари и карактеристики што произлегуваат од Вашата работа.

**ОСНОВЕН ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ**
**Ислам Абази**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА * СКОПЈЕ

**Скопје, 18.01.2023 година**
**(Место и датум)**

**(Имател на информации-печат)**
Марјана Крстева
**(службено лице – потпис)**